20242083571

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Се прогласува Законот за изменување на Законот за вработените во јавниот сектор,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 2 октомври 2024 година.

Бр. 08-4706/1
2 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
Гордана Силјановска Давкова, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
Африм Гаши, с.р.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Член 1

Во Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19 и 14/20) во член 5 во ставот (3) зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите: „министерот за јавна администрација”, а зборовите: „министерот за политички систем и односи меѓу заедниците” се заменуваат со зборовите: „министерот за односи меѓу заедниците”.

Член 2

Во член 16 во ставот (2) зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите: „Министерството за јавна администрација”.

Во ставот (5) зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите: „министерот за јавна администрација”.

Член 3

Во член 17 во ставовите (4), (7) и (8) зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите: „Министерството за јавна администрација”.

Во ставот (9) зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите: „министерот за јавна администрација”.

Член 4

Во член 18 во ставовите (1) и (2) зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите: „Министерството за јавна администрација”.

Во ставот (3) зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите: „Министерството за јавна администрација”, а зборовите: „Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија” се заменуваат со зборовите: „Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија”, а зборовите: „Фондот за здравствено осигурување на Македонија” се заменуваат со зборовите: „Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија”.

Во ставот (4) зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите: „министерот за јавна администрација”.

Член 5

Во член 19 во ставовите (5) и (6) зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите: „Министерството за јавна администрација”.

Член 6

Во член 20 во ставовите (1) и (5) зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите: „Министерството за јавна администрација”.

Член 7

Во член 20-б во ставовите (4), (5), (7), (8), (9), (10), (11) и (12) зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите: „Министерството за јавна администрација”.

Во ставовите (6), (10) и (12) зборовите: „Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците” се заменуваат со зборовите: „Министерството за односи меѓу заедниците”.

Член 8

Во член 20-в во ставовите (1) и (3) зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите: „Министерството за јавна администрација”.

Во ставот (2) зборовите: „Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците” се заменуваат со зборовите: „Министерството за односи меѓу заедниците”.

Член 9

Во член 20-г во ставот (7) зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите: „Министерството за јавна администрација”.

Во ставот (9) зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите: „министерот за јавна администрација”.

Член 10

Во член 44 во ставовите (1), (2), (3) и (4) зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите: „Министерството за јавна администрација”.

Во ставот (8) зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите: „министерот за јавна администрација”.

Член 11

Во член 46 став (1) во воведната реченица зборовите: „од 2.000 до 3.000 евра” се заменуваат со зборовите: „од 250 до 500 евра”.

Во алинејата 2 зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите: „Министерството за јавна администрација”.

Член 12

Во член 46-а ставот (3) се менува и гласи:

„Во евиденцијата од ставот (2) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат податоците за постапката за издавање на прекршочен платен налог (реден број, број и датум на записник за прекршок и правна квалификација на прекршокот), податоци за сторителот на прекршокот (име и презиме или назив на сторител, адреса/седиште на сторителот и матичен број/ЕДБ на сторителот (за странец се запишува број на патна исправа) и за постапката за извршување (број и датум на платен налог; износ на глоба (во евра); рок за доброволно плаќање на глоба; наплата на глоба (да/не) и датум на поднесено барање за поведување на прекршочна постапка).”.

Во ставот (5) зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите: „министерот за јавна администрација”.

Член 13

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија” се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија”.

Член 14

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.